Општина Шуто Оризари-Komuna Šuto Orizari-Komuna Shuto Orizari
Република Северна Македонија-Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut

Бр- No-Nr. 09-475/88
04.11. **2026 год- berš-viti**
СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP

Врз основа на член 50, став 1, точка 14 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ" 05/02 и „Сл.Весник на РСМ" бр. 202/24), и член 45, став 1, точка 12 од Статутот на општина Шуто Оризари (Службен гласник на општина Шуто Оризари бр.1/97), како и одредбите од Законот за спречување на корупција и судир на интереси („Сл.Весник на РСМ" бр. 12/19), и член 13 од Етичкиот кодекс за избрани и именувани лица во општина Шуто Оризари, бр.08-475/80 од 28.10.2026, Градоначалникот на општина Шуто Оризари го донесува следното:

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА ЕТИКА И СЛЕДЕЊЕ НА ЕТИЧКИОТ КОДЕКС

Член 1

Се формира Комисија за етика и следење на Етичкиот кодекс (во натамошниот текст: Комисија) како посебно советодавно и контролно тело во рамките на Советот на Шуто Оризари.

Член 2

Во Комисијата за етика се именуваат 3 (три) членови од редот на Советот на општина Шуто Оризари и 2 (два) вработените во општинската администрација:

1. **Мемет Ибраим** – Член
2. **Ѓулбин Бајрами** – Член
3. **Санела Емин** – Член
4. **Ибрахим Ибрахими** - Член
5. **Екрем Иљаз** - Член

Мандатот на членовите на Комисијата трае **2 (две) години**, со право на уште едно повторно именување.

Член 3

Комисијата ги има следните надлежности и одговорности:

1. Го следи спроведувањето и почитувањето на одредбите од Етичкиот кодекс;
2. Прима, евидентира и постапува по поплаки и претставки од граѓани, правни лица или вработени за повреди на Кодексот;
3. Спроведува анкети и анализи за нивото на етика и професионалност во институцијата;
4. Доставува мислења и препораки до Советот на општина Шуто Оризари и Градоначалникот во случаи кога е утврдено неетичко однесување;
5. Иницира измени и дополнувања на Етичкиот кодекс со цел негово унапредување.

Член 4

Комисијата работи на седници кои се свикуваат по потреба, а најмалку еднаш во три месеци. Комисијата одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови. За својата работа, Комисијата поднесува **Годишен извештај** до Градоначалникот најдоцна до 31 јануари за претходната година.

Член 5

По добивање на писмена поплака за неетичко однесување на избраните и именуваните лица, Комисијата е должна во рок од **15 дена** да го разгледа случајот, да земе изјава од пријавените избрани и именувани лица и да достави писмен заклучок до Советот на општина Шуто Оризари и Градоначалникот со предлог за натамошно постапување.

Член 6

Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави на огласната табла и на официјалната веб-страница на општина Шуто Оризари.

Градоначалник на општина Шуто Оризари
Курто Дудуш